Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Кавадарци го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за набавка на енергетско ефикасни грејни тела за 2020 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување на енергетско ефикасни грејни тела по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на грејното тело, но не повеќе од 15.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства во вкупен износ од 1.200.000,00 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година, програма ГА конто 464 990.

**Член4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела се утврдени во Правилникот за утврдувње на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства со намена за субвенционирање на физички лица за купени енергетско ефикасни грејни тела, донесен од Совет на општина Кавадарци.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-4989/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.09.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилник**
**за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Кавадарци за купување на велосипеди**

1. СЕ ОБЈАВУВА Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Кавадарци за купување на велосипеди, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/8**
**28.09.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр. 08/2005, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-тата седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К

### за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Кавадарци за купување на велосипеди

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства со намена за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Кавадарци за купување на велосипеди.

**Член 2**

Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци, согласно овој Правилник имаат жителите на Општина Кавадарци кои ке купат велосипед од денот на објавување на јавниот повик до денот на завршување на повикот и ке поднесат барање за надоместување на дел од трошоците за набавка на купен велосипед.

**Член 3**

Износот на субвенцијата за набавка/купување на велосипед се утврдува со Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипед, донесена од Совет на Општина Кавадарци, за секоја година поединечно.

## II.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

Со цел да се реализира донесената Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди, Општина Кавадарци објавува јавен повик.

Јавниот повик се објавува на веб страната на општина Кавадарци (www.kavadarci.gov.mk) и во електронски медиуми на територијата на Општина Кавадарци.

Јавниот повик трае 20 дена од денот на објавувањето.

Јавниот повик ќе се реализира по принципот „Јавно извлекување“.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Право на субвенционирање на дел од средствата за купување на велосипеди имаат физички лица кои се жители на Општина Кавадарци и кои ги исполнуваат условите од овој Правилник.

На барателот ке му се надоместат дел од трошоците направени при набавка на велосипед во износ утврден во Одлуката за утврдување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипед .

## IV. УСЛОВИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиски средства од членот 1 на овој Правилник, Градоначалникот на општина Кавадарци формира Комисија.

Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател со 4 члена и нивни заменици од редот на вработените во администрацијата на општина Кавадарци.

**Член 6**

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата, како и да бара друга дополнителна документација и до Градоначалникот да достави предлог за доделување на субвенцијата. За својата работа Комисијата составува записник.

На пликот треба да е наведено „Јавен повик за субвенционирање за купување на велосипеди на подрачјето на Општина Кавадарци„.

**Член 7**

Барањето за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на велосипеди, физичките лица го поднесуваат заедно со потребната документација преку Архивата на општина Кавадарци до Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Кавадарци за купување велосипеди.

Кон барањето, барателот е должен да ја поднесе следната документација:

- доказ дека е полнолетен жител на општина Кавадарци што се докажува со фотокопија од важечка лична карта,
- доказ дека е извршено купување на велосипед во Република Северна Македонија од денот на објавување до денот на завршување на јавниот повик, и тоа со оригинал фискална сметка или фактура со извод од деловна банка .
- копија од трансакциска сметка на барателот.
- Изјава дека го нема искористено правото на субвенционирање за купување на велосипед за претходните 4 години од последниот објавен Јавен Повик за субвенционирање за купување на велосипед од Буџетот на општина Кавадарци и буџетите на другите државни институции за претходната година.

**Член 8**

За спроведување на транспарентна постапка при добивање субвенција за купување на велосипеди во Општина Кавадарци, доделувањето на средствата ќе се одвива на следниот начин:

1. Општина Кавадарци со цел стимулирање на користењето на субвенции за велосипед, ќе распише Јавен Повик.

2. За времетраење на огласот, најмалку два пати ќе има известување за јавноста за времетраењето на повикот.

3. По завршување на Јавниот Повик, најкасно по 3 дена, ќе се одржи јавно извлекување на подносителите.

За времето и местото на извлекувањето Општина Кавадарци ќе даде соопштение на својата веб страна и локалните медиуми.

Секој барател кој има доставено барање за субвенционирање на дел од трошоците има право доколку сака да присуствува на јавното извлекување.

4. За спроведување на активностите за реализација на Јавниот Повик, Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе формира комисија која ќе биде составена од претседател со 4 члена и нивни заменици. Комисијата по пристигнувањето на сите барања за субвенционирање доставени за времетраењето на јавниот оглас, со записник ќе го утврди точниот број на пристигнати барања.

5. Извлекувањето од точка 3 на овој дел од Правилникот ќе се одвива на следниот начин:

- извлекувањето ќе биде снимено и за истото Општина Кавадарци ќе има видеозапис и секој заинтересиран барател има право да побара увид во видеозаписот од извлекувањето за што треба да достави писмено барање до Општина Кавадарци.

- ковертите во присуство на сите членови на комисијата ќе се стават прво во еднобојни коверти, а потоа во посебен сад.

- лицето кое го врши извлекувањето, секој извлечен коверт го предава на комисијата.

- претседателот/членот на комисијата го соопштува името на барателот, по што комисијата пристапува кон проверка на документите доставени од страна на барателот и соопштува дали барањето е во согласност односно не е во согласност со условите и барањата од овој Правилник.

- за времетрање на извлекувањето ќе се составува листа која ќе содржи податоци за извлечениот барател, за износот на надоместокот и за персоналниот данок на добивка.

- во оној момент кога ќе се извлечат барателите чиј збир на износот на надоместоци и на износот на персоналниот данок ги ангажира средствата наменети за оваа намена, ќе заврши извлекувањето на барателите кои имаат комплетна и уредна документација.

- доколку има две или повеке извлечени баратели со иста адреса на живеење и од исто семејство, се уважува барањето на првоизвлечениот.

Комисијата врз основа на поднесеното барање утврдува исполнување односно неисполнување на условите за користење на финансиски средства врз основа на следните критериуми:

- подносителот на барањето да има живеалиште на територијата на општина Кавадарци
- подносителот на барањето да има доставено доказ дека е извршено купување на велосипед, и тоа со оригинална фискална сметка или фактура со извод од деловна банка по денот на објавување на повикот, издадена од правен субјект регистриран согласно важечките закони во Република Северна Македонија.

### Член 9

Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на критериумите од член 6 на овој Правилник и доставува предлог до Градоначалниот на општина Кавадарци за усвојување на барањето за добивање на финансиски средства.

Градоначалникот на општина Кавадарци на предлог на Комисијата ќе донесе решение за усвојување на барањето и исплата на средства за барателите кои ги исполниле критериумите согласно јавниот повик.

### Член 10

По завршувањето постапката, ќе се изготви финална листа на баратели кои го остваруваат правото на субвенционирање на дел од средствата која ке биде објавена на WEB страната на Општина Кавадарци најдоцна 15 (петнаесет) дена по завршување на Јавното извлекување, а истовремено ке биде објавена и листа на баратели кои не ги го оствариле правото на субвенционирање согласно Јавниот Повик.

**Член 11**

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок за еден велосипед.

**Член 12**

Барателите кои добиле надоместок за купување на велосипед согласно овој правилник, немаат право во наредните четири години да поднесат барање за користење на истиот надоместок и нивните барања ке бидат отфрлени.

**Член 13**

Исплатата на средствата ќе се врши поединечно врз основа на изготвено решение и доставениот записник од комисијата.

**Член 14**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4989/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.09.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2020 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на

велосипеди за 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.09.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

` Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр. 08/2005, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Кавадарци го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за набавка на велосипеди за 2020 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување на велосипед по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства во вкупен износ од 300.000,00 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година во Програма ГА, конто 464990 .

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди се утврдени во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства со намена за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Кавадарци за купување на велосипеди, донесен од Совет на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-4989/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.09.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина

Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/10** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.09.2020 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува намера на реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на

општинските услуги МСИП 2 финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина на 17.914.000,00 денари, а со цел финансирање на капитален инвестициски проект:

1. Основен проект за изградба на водоводна мрежа во н.Брушани.

**Член 2**

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии а согласно условите наведени во јавниот повик.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4989/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.09.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/11**
**28.09.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува намера на реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина на 9 210 240 денари, а со цел финансирање на капитален инвестициски проект:

2. Поставување на фото-напонски панели на 13 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќност од 19.2kw/h.

### Член 2

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии, а согласно условите наведени во јавниот повик.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4989/ 11**
**25.09.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата**
**за волонтери во Општина Кавадарци за 2020 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за волонтери во Општина Кавадарци за 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/12**
**28.09.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 6 став 2 од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија“ број 85/2007, 161/2008, 147/2015 и 124/2019), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ВОЛОНТЕРИ ВО**
**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2020 ГОДИНА**

I. Општа одредби

Член 1

Со оваа Програма се утврдува потребата од ангажирање на волонтери,видот на услугите и начинот на вршење на волонтерството и постапката за обезбедување на истите.

Член 2

Волонтерството претставува активност од интерес за Република Северна Македонија кое придонесува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, како и за развој на хумано и рамноправно демократско општество.

Член 3

Под волонтерство се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и /или вршење на други активности во корист на други лица,органи,организации и други институции, без надоместок.

Со овој закон не се ограничува можноста да се даваат волонтерски услуги кои се дел од непостојана или случајна природа на доброволна основа, без надоместок.

Под волонтерство, според овој закон, не се подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно со Законот за работните односи.

Член 4

Волонтер е физичко лице кое дава услуги,вештини и знаења во корист на други лица, органи, организации и други институции, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

II. Услови и начин на вршење на волонтерството

Член 5

Волонтер може да биде домашно физичко лице.

Волонтер може да биде и малолетно лице со писмена согласност од неговите родители или старатели. Договор за волонтирање со малолетни лица може да се склучи само со писмена согласност од неговите родители или старатели.

Одредбите од Законот за работните односи, кои се однесуваат на заштита на лицата од 15 до 18 години, соодветно се применуваат на малолетните лица кои волонтираат.

Член 6

Организатор на волонтерската работа е Општина Кавадарци.

Член 7

Организаторот на волонтерската работа не смее волонтерот да го стави во нееднаква положба поради расата, бојата на кожата,полот,возраста,здравствената состојба, односно инвалидност,религиозното,политичкото или друго убедување,националното или социјалното потекло, статутот на семејството,имотната состојба,половата насоченост или заради други лични околности.

III. Потреба од ангажирање на волонтери

Член 10

Општина Кавадарци има потреба од ангажирање на 40 волонтери, за извршување на работи од надлежност на локалната самоуправа и за спроведување на активности по проектот ‘’За чисто и убаво Кавадарци.

IV . Вид на услуги

Член 11

Волонтерските услуги се однесуваат на доброволно извршување на активности за почист и позелен град и тоа:

- оплеменување на зеленилото низ градот,
- засадување на нови садници,
- подигање на нови зелени површини низ градот,
- средување на јавните зелени површини низ градот,
- кастрење на вегетацијата,
- и одржување на селските патишта и фудбалски игралишта ,
- како и чистење и одржавање на чистотата на повеќе локации како што се: просторот на поранешна дискотека Ла Луна, градски парк, месноста Моклиште, околината покрај новиот суд, главните влезови на градот, околината кај споменикот 12 те Другари и други локации.

V. Начин и постапка за обезбедување на волонтерските услуги

Член 12

Постапката за ангажирање на волонтер започнува со објавување на Јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Кавадарци на веб страната на општината и на огласна табла во општината.

По објавениот јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Кавадарци се поднесува пријава од страна на кандидатот- волонтер, по што се поднесува предлог до Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Доколку од страна на Градоначланикот е одговорено позитивно во врска со предлогот за склучување на Договор за волонтирање, со барателот за волонтирање се склучува договор за волонтирање помеѓу волонтерот и општина Кавадарци застапувана од страна на Градоначалникот.

Во договорот за волонтирање се утврдуваат правата и обрврските на двете договорни страни и се прецизира периодот за извршување на волонтерската работа.

VII. Надоместоци за трошоци на волонтерите

Член 13

Волонтерот за давањето на услугите, знаењата и вештините за работи од надлежност на Општината има право на надоместок на трошоци за храна и трошоци за превоз до и од местото на волонтирање во висина од 15% од просечната месечна плата во Републиката, исплатена за претходната година.

За волонтирање со пократко работно време од полното работно време процентот за трошоци за храна и трошоци за превоз за доаѓање во Општината за волонтирање и враќање до местото на живеење ќе се пресметува пропорционално согласно процентот утврден во став 1 на овој член во зависност од утврденото времетраење на работното време.

Секторот за управување со човечки ресурси изготвува месечен извештај за исплата на ангажираните волонтери и го доставува до Секторот за финансиски прашања.

Во буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година, буџетска програма ГА, конто 425990, има обезбедено финансиски средства во висина од 1.920.000,$_{00}$ денари.

VIII. Евиденција на волонтерската работа

Член 14

Општина Кавадарци води евиденција на волонтерската работа на сите волонтери во која се внесуваат следните податоци: лични податоци на волонтерот, број на договор склучен со физичкото лице, времетрање на договорот , евидентна листа за присуство со потпис на волонтерот, Месечнатаевиденција за спроведените активности на волонтерите ја врши државен службеник од Одделението "Мој општинар".

IX. Преодни и завршни одредби

Член 15

Програмата за волонтирање во Општина Кавадарци се донесува за 2020 година.

Член 16

Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08-4989/ 12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.09.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлуката
## за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/13** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.09.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 32 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/2016, 142/2016, 11/2018,„Сл.Весник на РСМ„ 275/19 I 14/2020), член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 198/18, „Сл.Весник на РСМ„ 143/19, 14/2020), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година**

Член 1

Се дава согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2020 година, со арх.бр.04-4992/1 од 18.09.2020 година, донесен од Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4989/ 13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.09.2020 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата**

**за изменување и дополнување на**
**Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци**
**за 2020 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/14**
**28.09.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002,), а во врска со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ"бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) , член 82 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10,38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
**за изменување и дополнување на**
**Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци**
**за 2020 година**

**Член 1**

Во Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2020 година (Службен гласник на "Општина Кавадарци" бр.49/19, 50/20) се врши следното изменување и дополнување:

Во Глава: **I. Урбанистички планови финансирани од Општина Кавадарци, после точка 24 се додава една нова точка која гласи:**

**25.** „ Урбанистички проект„.

Во Глава: **IV. Урбанистички планови финансирани од Правни и физички лица, Општина Кавадарци, после точка 56 се додава една нова точка која гласи:**

**57.** „ Урбанистички проект„.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 3**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4989/ 14**
**25.09.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлуката за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/15**
**28.09.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 35 став 1 точка 1, а во врска со член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник fна РМ „бр.5/02), член 184

7.

од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр. 08/2005, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци

Член 1

Во Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005, 14/10, 24/10, 38/19), се пристапува кон измена и дополнување и тоа :

Во глава IV.ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА , после член 128 –е , се додаваат 4 (четири) нови членови и тоа член 128-ж, 128-з, 128-и, 128-ј, кои се однесуваат на формирање на партиципативно тело за обезбедување на инклузивност, парципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање.

Член 2

Се задолжува Комисијата за статут и прописи да го разгледа предлогот за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци, и да предложи на наредна седница Советот на Општина Кавадарци да донесе Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци.

Член 3

Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4989/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.09.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата**
**за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.09.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 41 од Законот за градежно земјиште („Сл.Весник на РМ„ бр. 17/11...275/19) член 2 точка 4 и член 80, член 81-а и член 81 од Законот за градење (Службен весник на РМ" бр.130/2009.....18/2020)„ член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник„ на Општина Кавадарци бр. 08/05, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

**За измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Програмата за поставување на урбана опреман подрачјето на Општина Кавадарци бр. 08-7017/42 од 25.12.2019 година, бр. 08-378 од 29.01.2020год, 08-1458/26 од 13.03.2020 година, бр. 08-3949/20 од 29.07.2020 година,бр.08-4139/22 од 11.08.2020 година, се врши следнава измена и дополнување:

Во точка 2. Урбана опрема - после алинеа 5 СЕ ДОДАВА алинеа 6 која гласи:

„ Поставување на витрина за услужни дејности во дворот на зграда на Општина Кавадарци

- Прилог скица.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „ Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4989/ 16**
**25.09.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5170/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.09.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), а во врска со член 7 и член 348 од Законот за безбедност во сообракајот на патиштата („Сл.Весник на РМ„ бр. 169/15, 226/15, 55/16 и 11/2018), член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр,5/2002),

9.

член 132 став 1, член 82 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005,14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 47-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
### за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци

#### Член 1

Со оваа Одлука се определуваат јавните паркиралишта и другите јавни површини на подрачјето на град Кавадарци (во понатамошниот текст: површини за зонско паркирање) на кои ќе се применува системот на зонско паркирање како и начинот, условите на паркирање, времетраењето на паркирање, негово ограничување, начинот на наплатата како и начинот на означување на ограничувањето на отворените јавни паркиралишта или зонско паркирање,начинот и постапката за наплата на паркирањето преку СМС пораки и паркинг-картички, постапката за повластено паркирање, постапка за резервација, постапката и начинот на употреба на блокатори на тркалата, паркирањето на земјоделска механизација, како и други прашања кои се однесуваат на паркирањето.

#### Член 2

Зонското паркирање се применува во три (3 ) зони (А, Б и Ц ) со подзони, и тоа:

-Во зона А седум (7) подзони;

-Во зона Б тринаесет (13) подзони; и

-Во зона Ц (С) девет (9) подзони„.

**Член 3**

**ЗОНА А**

**- Подзона А1**

На улица „Илинденска„ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица „М.Х. Јасмин„ до крстосница со улица „Пано Мударов„ – обезбедени се 21 паркинг место;

**- Подзона А2**

На улица„ 7ми Септември„ се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со улица „Илинденска„ до крстосница со улица „Браќа Цунови„. На оваа улица паркирањето започнува после такси станицата и пред полицијата да се остави простор за нивните службени возила – обезбедени се 47 паркинг места;

**- Подзона А3**

На улица „Тиквешко Востание„, се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со влезот/излезот во подземната гаража до крстосница со улица „Страшо Пинџур„ – обезбедени се 10 паркинг места;

**- Подзона А4**

На улица „Мито Хаџи Василев Јасмин„, се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со улица „Гоце Делчев„ до крстосница со улица Илинденска, односно до пред такси станицата што е на оваа улица – обезбедени се 30 паркинг места;

**-Подзона А5**

На улица „Илинденска“ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица „Цано Поп Ристов“ до крстосница со улица „Партизанска“ –обезбедени се 20 паркинг места;

**-Подзона А6**

На улица „Илинденска“ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица „Партизанска“ до крстосница со улица „Максим Горки“ –обезбедени се 29 паркинг места;

**-Подзона А7**

На улица „Илинденска“ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица „Максим Горки “ до крстосница со улица „Охридска“ , јавен паркинг на КП бр.11475/2 (пред Кам маркет и ресторан Сино), јавен паркинг на КП.бр.11608/1, и КП бр.11626/1 (позади Strit bar) –обезбедени се 14 паркинг места;

**Во зона „А“ вкупно обезбедени се 171 места за паркирање„.**

## Член 4

„ **ЗОНА Б**

**- Подзона Б1**

Се организира вон улично паркирање во подземната гаража на улица „Тиквешко Востание „– обезебедени се 30 паркинг места;

**- Подзона Б2**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица „Тиквешко Востание„ (над подземната гаража) – обезбедени се 26 паркинг места;

**- Подзона Б3**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица „Фердо Росомански„ и улично паркирање на истата улица – обезбедени се 23 паркинг места;

**- Подзона Б4**

На улица„ Пано Мударов„„ се организира улично паркирање на улицата од крстосница со улица „Илинденска„ до крстосница со улица „Солунска Глава„„ и на улица *„8-ми Септември„* се организира улично паркирање на улицата од крстосница со улица „Солунска Глава„ до крстосница со улица „Гоце Делчев„ – обезбедени се 60 паркинг места;

**- Подзона Б 5**

На улица „Браќа Хаџи Тефови„ се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосницата со улица Браќа Џунови до крстосницата со улица „Ќиро Спанџов„ – обезбедени се 15 паркинг место;

**- Подзона Б 6**

На улица „Ресавска„ се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосницата со улица „Народен Фронт „до крстосницата со улица „Страшо Пинџур„ – обезбедени се 11 паркинг места;

**- Подзона Б 7**

На улица „Блажо Алексов„ се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосницата со улица „Цано Поп Ристов„ до крстосницата со улица „Мирче Ацев„ – обезбедени се 46 паркинг места

**- Подзона Б 8**

На улица „Максим Горки„ се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосницата со улица „Партизанска„ до крстосницата со улица „Илинденска„ – обезбедени се 14 паркинг места;

**- Подзона Б 9**

На улиците „11ти Октомври„ ул„Лазо Мицев„ и ул„ Партизанска„ (околу паркот „Полана“ се организира улично паркирање од левата страна на улиците – обезбедени се 26 паркинг места;

**- Подзона Б 10**

На улица „Цано Поп Христов„ се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосница со улица „Блажо Алексов„ до куќен број 32, од куќен број 32 до крстосница со улица „Лазо Мицев„ од десната страна и од крстосница со улица „Лазо Мицев„ до крстосница со улица „Илинденска„ од двете страни на улицата – обезбедени се 47 паркинг места;

**- Подзона Б 11**

Се организира вон улично паркирање во монтажната гаража на улица 1ВИ Мај – обезбедени се 84 паркинг места;

**- Подзона Б 12**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица „Тошо ВелковПепето„ – обезбедени се 38 паркинг места;

**- Подзона Б 13**

На „улица Браќа Џунови„ се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосницата со улица „7-ми Септември„ до крстосницата со улица „Браќа Хаџи Тефови„– обезбедени се 24 паркинг места;

**Во зона „Б“ вкупно обезбедени се 444 места за паркирање.**

**Член 5**

ЗОНА Ц (С)

**- Подзона Ц (С) 1**

На Булевар „Никола Минчев„ се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар „Македонија„ до крстосница со булевар „Вељко Влаховиќ„ – обезбедени се 24 паркинг места, јавен паркинг на Кп.бр.10259 и Кп.бр.10283/1 (позади ресторан „Рамазоти„;

**- Подзона Ц (С) 2**

На Булевар „Никола Минчев„ се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар „Кочо Рацин„ до крстосница со булевар „Македонија„ – обезбедени се 46 паркинг места„ јавен паркинг на КП.бр.10666/1 и КП.бр.10666/2 (позади згради кај „Уни Палас„ и новиот паркинг на „Кочо Рацин„;

**- Подзона Ц (С) 3**

На Булевар „Македонија„ се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар „Никола Минчев„ до крстосница со влез во паркинг простор – обезбедени се 16 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 4**

На Булевар „Македонија„ се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар „Никола Минчев„ до крстосница со улица „Орце Николов„ – обезбедени се 32 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 5**

На Булевар „Кочо Рацин„ се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар „Никола Минчев„
до крстосница со улица „Орце Николов„ јавен паркинг на КП.бр.16454 – обезбедени се 48 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 6**

На Булевар „Моша Пијаде„ се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар „Никола Минчев„ до крстосница со улица „Гоце Делчев„ – обезбедени се 46 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 7**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на булевар „Вељко Влаховиќ„ – обезбедени се 81 паркинг места, јавен паркинг на Кп.бр.10874/1 (позади ООУ„Гоце Делчев-област „Цветан Димов), јавен паркинг на Кп.бр.10765, Кп.бр.10731, Кп.бр.10725 (згради спроти УЈП);

**- Подзона Ц (С) 8**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот позади зградите „Лепотици“ на Булевар„Македонија„ – обезбедени се 59 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 9**

Се организира вон улично паркирање од десната страна на улица „7-ми Септември„ од крстосница со улица „Киро Крстев„ до крстосница со улица „Шишка„ – обезбедени се 33 паркинг места;

